**Цивика мобилитас објавува повик за доделување акциски грантови [ЦМ-АКТ-04]**




Пријави можат да поднесат:

1. граѓански организации кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (2010 г. Сл. Весник 52/10);
2. непрофитни научно-истражувачки установи регистрирани согласно Законот за научно -истражувачка дејност.

Покрај водечката организација, во пријавите можат да се вклучат партнери и соработници. Партнерот треба да исполнува една од погоре наведените категории или да е медиум.

Предложените акции треба да придонесат кон целите и резултатите на Цивика

мобилитас:

- **Општа цел** - Општествените промени во Македонија се водени од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, од кои произлегува потранспарентно, отчетно и социјално-инклузивно управување на национално и локално ниво;
- **Резултат 1** – Опкружување за граѓанското општество: Околината за развој на граѓанско општество е подобрена преку создавањето на механизми за подобра соработка меѓу властите и граѓанските организации и преку зголемено државно финансирање на граѓанското општество;
- **Резултат 2** – Граѓански ангажман: Граѓанските организации создаваат силни конституенти и со тоа овозможуваат активен граѓански ангажман во граѓанските иницијативи, вклучително и волонтерството;
- **Резултат 3** – Соработка: Соработката помеѓу граѓанските организации е подобрена и води кон сојузи на граѓанското општество;
- **Резултат 4** – Граѓанско учество: Граѓанските организации активно учествуваат во процесите на креирање и донесување одлуки што води кон подобрени политики и практики.

Повикот се состои од **Водич за апликантите** и **Образец за пријава** со прилози.

Потребни **прилози за пријавување** се:

- **Прилог 1** . Логичка рамка;
- **Прилог 2.** Буџет (и оправданост);
- **Прилог 3.** Поврзаност на акцијата со Цивика мобилитас;
- **Прилог 4** . Изјава за партнерство (доколку е применливо);
- **Прилог 5**. Доказ за правен статус на апликантот и партнерот/ите (тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија, не постара од шест месеци);

**Времетраењето на активностите** од овој повик треба да биде **најмалку 12, а најмногу 24 месеци** . Големината на **побараниот грант** треба да биде **помеѓу 1.000.000 и 1.800.000 денари** . Расположливиот

**вкупен износ**
за овој повик е
**20.000.000 денари**
. Организациите може да поднесат
**само една пријава**
на овој повик – или во улога на
**апликант или на партнер**
.

**Краен рок за поднесување на пријавите е 25 март 2019 г. до 16 часот**, кога треба да бидат примени сите пријави, вклучително и оние доставените лично, по курирска служба или по пошта. Пријавите се доставуваат на адреса:

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) за Цивика мобилитас
ул. Никола Парапунов, б4.41а
Поштенски фах.55, 1060 Скопје

Цивика мобилитас **нема да ги прифати пријавите кои се поднесени по електронски пат** .

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

Заинтересираните може да ги испратат своите прашања по писмен пат на: **helpdesk@civicamobilitas.mk**
**најдоцна до 15 март 2019 г.**
и треба во предметот на пораката да го содржат референтниот број за овој повик (ЦМ-АКТ-04).

Прашања може да бидат поставени и преку веб-страницата на Цивика мобилитас.

## ИНФОРМАТИВНИ СЕСИИ

Цивика мобилитас ќе одржи информативна/и сесија/и за овој повик. Следете ја веб-страницата на Цивика мобилитас, како и страницата на Фејсбук и информирајте се за евентуалните промени.

## ПРЕЛИМИНАРНА ВРЕМЕНСКА РАМКА

| | |
|---|---|
| Отворање на повикот за предлози | 26 февруари 2019 г. |
| Информативна сесија | 12 март 2019 г., 12.00 ч. |
| Краен рок за поднесување на пријави | 25 март 2019 г., 16.00 ч. |
| Одлука на Комисијата за избор на грантови | Април 2019 г. |
| Известување за доделени грантови и за одбиените пријави | Април 2019 г. |
| Преговори и потпишување договори | Април 2019 г. |